Врз основа на член 55 став 1 од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Сл. весник на РМ“ бр.58/00 и 44/02) член 30 од Законот за основно образование Службен весник на РСМ, бр. 161 од 5.8.2019 година, министерот за образование и наука донесе наставна програма по предметот Македонски јазик за учениците од другите заедници кои наставата ја следат на албански и турски јазик за IX одделение на деветгодишното основно училиште.

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**

**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

**Наставна програма**

# МАКЕДОНСКИ ЈАЗИК ЗА УЧЕНИЦИТЕ ОД ДРУГИТЕ ЗАЕДНИЦИ

**кои наставата ја следат на албански и турски јазик**

**за IX одделение**

**Скопје, 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Назив на наставната програма** | Македонски јазик за учениците од другите заедници кои наставата ја следат на албански и турски јазик |
| **Тип на наставна програма** | Задолжителна |
| **Одделение** | IX |
| **Број на часови неделно/годишно за реализација на наставната програма** | 2/72 |
| **Цели на наставна програма** | Учениците:<br>- да се стекнат со нов лексички фонд за продуктивно служење со јазикот;<br>-да се развиваат способностите за слушање и за разбирање јазични искази од конкретни тематски целини (другари и планови за во средно училиште, идна професија, соседи и роднински релации, семејно летување и зимување, градина, миленици, училиштен живот, еко – настани, давање правци на движење во и до некое место, разбирање на рецепти, како и основни поими поврзани со здравјето и посетата на медицински установи; филмот, музиката, модата како дел од тинејџерското живеење);<br>- да се оспособат за правилно акцетирање на акцентската целост;<br>-да се развиваат способностите за усно изразување со примена на јазичните функции и на граматичките структури кои се изучуваат;<br>- да се оспособат за разбирање на функциите на именките во реченицата;<br>- да се оспособат за разликување и користење со безличните и безглаголските реченици;<br>-да се оспособат за разликување на сум-конструкција, има-конструкција и да-конструкција;<br>- да се оспособат за препознавање, разликување и користење на зависносложените реченици во усна и писмена комуникација;<br>- да се оспособат за самостојност во изразувањето преку дискусии и разговор, преку коментар и изложување став и мислење за прочитаното( настани, ликови, теми). |
| **Компоненти на наставната програма** | Граматички содржини<br>Тематско - комуникациски целини и единици<br>Слушање<br>Зборување |

| | |
|---|---|
| | Читање со разбирање и пишување |
| **Материјално-технички и просторни услови** | За постигнување на целите по предметот македонски јазик и литература потребно е да се обезбедат наставни средства, во кабинет или училница, библиотечен книжен фонд, пристап до интернет, компјутерска опрема, ЛЦД проектор. За успешна и целосна реализација на наставната програма потребно е да се организираат и активности кои го менуваат местото на реализацијата на часот/часовите (институции на културата и научни институции) каде учениците ќе посетуваат настани, манифестации и фестивали: книжевни, театарски и филмски. |
| **Норматив на наставен кадар** | Наставната програма ја реализираат лица со завршени студиски групи:<br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност и јужнословенски книжевности како втор главен предмет, наставна насока VII/1, т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонски јазик и книжевност, наставна насока VII/1, т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, наставна насока VII/1, т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС; (поранешна група Историја на книжевностите на СФРЈ)<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности со македонски јазик како втор главен предмет, наставна насока VII/1, т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Општа и компаративна книжевност, наставна насока VII/1, т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС;<br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици, друга насока (VII/1 степен т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа;<br>- Македонски јазик и јужнословенски јазици со македонска книжевност, друга насока (VII/1 степен т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа;<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, друга насока (VII/1 степен т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа;<br>- Македонска книжевност и јужнословенски книжевности, со македонски јазик друга насока (VII/1 степен т.е. VIA според МРК и 240 ЕКТС), со здобиена соодветна педагошко-психолошка и методска подготовка на акредитирана високообразовна установа. |
| **ГРАМАТИЧКИ СОДРЖИНИ** | Акцент -Акцентски целости<br>Именки-функции на именките во реченицата<br>Придавки – функции на придавките во реченицата – атрибут<br>Има конструкција; Сум-конструкција; Да- конструкција; Безлични реченици и безглаголски реченици |

| | |
|---|---|
| | Сложена реченица-зависносложена реченица (временски, причински, последични, односни, исказни)<br><br>Сврзници карактеристични за зависносложените реченици<br><br>Правопис-Правописни знаци: црта, цртичка, коса црта, надреден знак |
| **ТЕМАТСКО-КОМУНИКАЦИСКИ ЦЕЛИНИ** | **Јас и другите –** мојот најдобар другар/ка; планови за во средно училиште, идна професија.<br><br>**Моето семејство**-соседи, роднински релации, семејно летување и зимување, посета на нашите баби и дедовци; мојата градина, нашиот миленик.<br><br>**Училиштен живот-** еко теми и еко акции, училишна заедница, училишни активности.<br><br>**Град/село –**како до најблиското село/град; опис на моето место-град или село; секое место приказна;<br><br>**Култура и традиција-**рецепти од старите и новите кујни<br><br>**Моето здравје-**лекар специјалист, лекови, болница, во посета на...;<br><br>**Занимливости и интереси:** македонски филмови, македонски современи уметници и спортисти; мода и модни трендови |

| **1.** | **Слушање** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Резултати од учење**<br><br>**Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>- го разбира значењето на новите зборови и зборовни изрази од тематските целини во искази, дијалози и текстови;<br><br>- го објасни значењето и примената на зборовите што ги слуша; | **Содржини и поими**<br><br>**Јас и другите –** мојот најдобар другар/ка; планови за во средно училиште, идна професија.<br><br>**Моето семејство**-соседи, роднински релации, семејно летување и зимување, посета на нашите баби и дедовци; мојата градина, нашиот миленик. | **Активности и методи**<br><br>Наставникот користи аудио снимки и видео записи од познати македонски серијали од едукативни серии или емисии со документарна содржина. Се користат статии од македонски списанија за млади, како и секаков друг вид медиумски достапен материјал претходно селектиран.<br>При изборот на материјалот се внимава на јазичната коректност односно во материјалите што се | **Стандарди за оценување на постигањата**<br><br>**Ученикот/ученичката може да:**<br><br>- препознава нови зборови, фрази и изрази во искази/реченици;<br>- репродуцира и продуцира примери со новиот лексички фонд; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - ги разбере информациите во конкретна комуникациска средина;<br><br>- ги применува правилата за акцентирање на акцентските целости;<br><br>- ги разбира функциите на именките во реченицата;<br><br>- ги разбира функциите на придавките во реченицата;<br><br>- ги разликува безличните и безглаголските реченици;<br><br>-препознава да - конструкции, сум - конструкции и има - конструкции;<br><br>- ја разбира содржината на текстот (времето, настанот и ликовите во текстот);<br><br>- препознава и разбира текстови со различна содржина што припаѓаат на различни функционални стилови. | **Училиштен живот-** еко теми и еко акции, училишна заедница, училишни активности.<br><br>**Град/село –**како до најблиското село/град; опис на моето место-град или село; секое место приказна;<br><br>**Култура и традиција-**рецепти од старите и новите кујни<br><br>**Моето здравје-**лекар специјалист, лекови, болница, во посета на...;<br><br>**Занимливости и интереси:** македонски филмови, македонски современи уметници и спортисти; мода и модни трендови.<br><br>Акцент -Акцентски целости<br><br>Именки-функции на именките во реченицата<br><br>Придавки – функции на придавките во реченицата – атрибут<br><br>Има конструкција; Сум-конструкција; Да- конструкција;<br><br>Безлични реченици и безглаголски реченици<br><br>**Текстови од македонски автори согласно на возраста на учениците и** | користат да се употребува стандардниот македонски јазик.<br><br>Вежби со слушање на акцентот и на акцентските целости.<br>Вежби за правилно акцентирање на акцентските целости.<br><br>Вежби со слушање примери со различни функции на именките во реченицата, препознавање и разликување на функциите на именките во реченицата.<br>Вежби со слушање примери со различни функции на придавките во реченицата, препознавање и разликување на функциите на придавките во реченицата.<br><br>Вежби со слушање за препознавање и откривање безлични и безглаголски реченици.<br>Вежби со слушање за градење на безлични и безглаголски реченици.<br><br>При реализација на активнисти за вежбање на оваа вештина се користат авторски текстови или текстови од народната литература, од различни функционални стилови. За секој текст што се слуша на часот освен толкувањето на непознатите зборови за учениците во текстот, потребно е наставникот | - толкува нови зборови, фрази и изрази;<br>- конструира примери лексички и граматички коректни;<br>- истражува, чита и толкува нови теми со нови лексички единици;<br><br>- препознава и разликува акцентска целост како целина од два или повеќе зборови;<br>-правилно акцентира акцентска целост од два полнозначни збора и акцентска целост со клитика;<br><br>- разликува функции на именките во реченицата;<br><br>- разликува функции на придавките во реченицата;<br><br>- разликува безлична и безглаголска реченица во слушнат текст или дијалог; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | **предвидените тематско – комуникациски целини и единици** | да има подготвена листа прашања и вежби за слушање со разбирање.<br><br>**Методи**: аудио-визуелен метод, аудио-лингвален метод, интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен); метод на демонстративност; метод на споредување. | - одговора на прашања кои ги слуша и кои се однесуваат на предвидените теми;<br>- дава информација за слушната содржина;<br>- поставува прашања во врска со содржината. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | **Зборување** | | | |
| | **Резултати од учење**<br><br>**Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br><br>- правилно да изговара и правилно да ги употребува во сопствени искази –говорни и пишани, предвидените нови зборови и изрази;<br><br>- бара и дава информации за плановите во иднина користејќи соодветни глаголски форми; | **Содржини и поими**:<br><br>**Јас и другите –** мојот најдобар другар/ка; планови за во средно училиште, идна професија.<br><br>**Моето семејство**-соседи, роднински релации, семејно летување и зимување, посета на нашите баби и дедовци; мојата градина, нашиот миленик.<br><br>**Училиштен живот-** еко теми и еко акции, училишна заедница, училишни активности.<br><br>**Град/село –**како до најблиското село/град; опис на моето место-град или село; секое место приказна; | **Активностии методи**<br>Вежби за говорно репродуцирање и продуцирање на искази со вокабулар правилно употребен во рамките на изучените граматички структури.<br>Говорни вежби /теми за дилеми/дискусии:<br>*Сум бил, сум бил во...*<br>*По пат низ Македонија*<br>*Мојот сосед е....*<br>*Рецепти од нашите баби*<br>*Најубавиот ресторан во моето место*<br>*Пејзаж од мојот прозорец*<br>*Важноста на полуматурската вечер*<br>*Средно стручно или гимназиско училиште?*<br>*Идна професија*<br>*Изработка на топ листа на македонски пејачи/ македонски* | **Стандарди за оценување на постигањата**<br><br>**Ученикот/ученичката може да:**<br>- правилно изговара нови зборови и ги употребува во соодветни јазични контексти во усна комуникација;<br>- учествува во дијалози, игри и симулации во кои се употребуваат лексичките единици/зборови предвидени со тематските целини; |

| 2. | Зборување | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - користи именки во усна комуникација во соодветна граматичка категорија и во различна функција во реченицата; | **Култура и традиција-**рецепти од старите и новите кујни<br><br>**Моето здравје-**лекар специјалист, лекови, болница, во посета на...;<br><br>**Занимливости и интереси:** македонски филмови, македонски современи уметници и спортисти; мода и модни трендови.<br><br>Именки- Функции на именките во реченицата<br><br>Подмет<br><br>Директен предмет<br><br>Индиректен предмет<br><br>Предмет со предлог<br><br>Прилошка определба<br><br>Именски дел од прирокот | *спортисти/листа на македонски филмови од последните години. Сум го гледал/сакам да го гледам*<br><br>Забелешка: Учениците при говорното изразување ги актуелизираат сите стекнати знаења од претходните учебни години кои се однесуваат на усвоени знаења од морфологија, синтакса и фонетика.<br><br>Наставникот има подготвено примери со именки во различна функција во реченица.<br>Наставникот користи карти на кои се напишани одредени зборови, а учениците се поделени во групи. Секоја група користејќи ја картата со зборот/зборовите создава примери во кои се користат тие зборови. Секоја група анализира каква улога имале именките кои ги користеле. Заклучокот е заеднички.<br><br>Вежби со поврзување на знаењата за придавка и атрибут.<br>Вежба: Учениците пишуваат што повеќе атрибути на зададени општи именки: мајка, жена, девојка (добра, убава, вредна, интелигентна, | - означува именки разликувајќи по категории и по начин на образување;<br>- разликува и споредува различна функција на именка во реченица;<br>- самостојно коструира примери со именки |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **2.** | **Зборување** | | | |
| | - употребува придавки во реченици и искази знаејќи ја атрибутската функција;<br><br>-користи **да** конструкции**, сум** конструкции и **има** конструкции во секојдневната комуникација;<br><br>- ги разликува безличните од безглаголските реченици;<br><br>- употребува зависносложени реченици во усна комуникација користејќи ги правилно сврзниците карактеристични за овој вид реченици;<br><br>- во дискусии и во разговор самостојно да го изрази своето мислење и став за слушнат или прочитан текст, информација и слично; | Придавки – функции на придавките во реченицата - атрибут<br><br>Има конструкција; Сум-конструкција; Да- конструкција;<br><br>Безлични реченици и безглаголски реченици<br><br>Сложена реченица-зависносложена реченица<br><br>Временски зависносложени реченици<br><br>Причински зависносложени реченици<br><br>Последични зависносложени реченици<br><br>Односни зависносложени реченици<br><br>Исказни зависносложени реченици | интересна, сакана, слаба, висока...). Истото се повторува и со именки од машки и среден род. Потоа се конструираат реченици во кои се употребуваат посочените именки.<br><br>Вежби за препознавање и откривање безлични и безглаголски реченици. Наставникот преку насочувачки прашања и преку анализа на примери им ја посочува спецификата на безличните реченици – прирокот не отвора место за подмет.<br>Наставникот потенцира примери од типот: *Магла. Студ.* Преку дискусија се дискутира за отсуството на глаголот во реченицата односно на прирокот во реченицата.<br>Вежби со реченици во кои има **да** конструкција, **сум** конструкција и има конструкција. Учениците ги препознаваат и користат конструкциите во комуникација.<br>Вежби за видови зависносложени реченици. Наставникот користи одредена тема која во моментот е актуелна во училиштето или е актуелна воопшто и мотивира креирање примери со зависносложени реченици. (На еден час се работи по еден вид реченици).<br><br>Ученикот игра јазични игри; дискутира и коментира за темите и | употребувајќи во различна функција (подмет, предмет, именски дел од прирок, прилошка определба);<br><br>- препознае и означи придавка како збор кој именува карактеристика на предметите, суштествата и појавите;<br>- презентира примери со придавки во атрубутска функција;<br><br>- разликува безлична од безглаголска реченица;<br>- конструира безлична и безглаголска реченица;<br><br>-препознава и разликува **да** -конструкции, **сум** - конструкции и **има -** конструкции во |

| 2. | **Зборување** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | - да коментира тема, идеја, настан, постапка на лик во литературно дело или пак на личност во прочитана или слушната информација. | Текстови од македонски автори соодветни на возраста на учениците и на предвидените тематско–комуникациски целини и единици | идејата на текстот; учествува во дијалози и кратки драматизации; ги формулира своите барања; раскажува, опишува, известува; селектира зборови во зависност од соговорникот со кој комуницира.<br>Говорни вежби - опишување и раскажување на одредени теми.<br>Вежби за читање различен вид текстови од различни функционални стилови и разговор за нив.<br>**Методи:** аудио-визуелен метод, интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; текст- метод; метод на споредување. | секојдневната комуникација;<br><br>- препознава зависносложени реченици;<br>- споредува видови зависносложени реченици;<br>- препознава сврзници карактристични за зависносложените реченици;<br>- конструира примери со различни видови зависносложени реченици: временски, причински, последични, односни и исказни реченици;<br><br><br>- правилно изговара нови зборови и ги употребува во соодветни јазични контексти во усна комуникација;<br>- учествува во дијалози, игри и симулации во кои се употребуваат лексичките |

| 2. | **Зборување** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | единици/зборови кои се нови за ученикот; |

| 3. | **Читање со разбирање** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **Резултати од учење**<br><br>**Ученикот/ученичката ќе биде способен/а:**<br><br>**-** правилно да чита куси текстови, поставува прашања и коментира за прочитаното по насочувачки прашања;<br><br>- чита со разбирање препознавајќи важни информации во текст. | **Содржини и поими**<br><br>**Јас и другите –** мојот најдобар другар/ка; планови за во средно училиште, идна професија.<br><br>**Моето семејство-**соседи, роднински релации, семејно летување и зимување, посета на нашите баби и дедовци; мојата градина, нашиот миленик.<br><br>**Училиштен живот-** еко теми и еко акции, училишна заедница, училишни активности.<br><br>**Град/село –**како до најблиското село/град; опис на моето место-град или село; секое место приказна;<br><br>**Култура и традиција-**рецепти од старите и новите кујни<br><br>**Моето здравје-**лекар специјалист, лекови, болница, во посета на...; | **Активностии методи**<br>Наставникот користи текстови кои имаат содржини поврзани со современото живеење на учениците и текстови кои имаат функционалност и дополнување на предвидениот вокабулар. Текстовите се во целост или извадоци од реномирани македонски автори, но и соодветни содржини објавени во печатен медиум соодветен на возраста на учениците. Исто така, се внимава на должината на текстовите која треба да биде соодветна за час, но и поттик за читање и запознавање со темата пошироко.<br>За секој текст кој се чита на часот освен толкувањето на<br>на непознатите зборови за учениците во текстот, потребно е наставникот да има подготвена листа прашања и вежби за читање со разбирање. | **Стандарди за оценување на постигањата**<br><br>**Ученикот/ученичката може да:**<br>- правилно чита текст;<br>- селектира познати и непознати зборови во текст;<br>- прашува за текстот и одговара на поставени прашања за текстот;<br>- коментира за содржината на текстот; |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 3. | **Читање со разбирање** | | | |
| | | **Занимливости и интереси:** македонски филмови, македонски современи уметници и спортисти; мода и модни трендови.<br><br>**Текстови од македонски автори соодветни на возраста на учениците и на предвидените тематско – комуникациски целини и единици** | Во активностите кои ќе се предвидат за вежбање на оваа вештина може да се користат освен насочувачки прашања и техники за читање со разбирање што се користат и на часовите по мајчин јазик.<br>**Методи:** аудио-визуелен метод, интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; текст- метод; метод на споредување. | |
| 4. | **Пишување** | | | |
| | **Резултати од учење**<br><br>**Ученикот/ученичката ќе биде способен/а да:**<br><br>- напише состав според даден почеток, со изменет крај, односно, на дадена тема;<br>- да раскаже виден или доживеан настан;<br>- да прераскаже гледан филм или театарска претстава;<br>- да даде опис на другар/ка. | **Содржини и поими**<br><br>Пишување дијалог на теми од комуникациските целини<br>Пишување состав со даден почеток<br>Пишување состав /прераскажување прочитан текст со промена на крајот на текстот<br>Пишување состав на дадена тема<br>Раскажува виден или доживеан настан<br>Прераскажување на гледан филм или театарска претстава<br>Опишување-надворешен и внатрешен опис на другар/ка | **Активности и методи**<br><br>Диктати и автодиктати, пишување искази, реченици и текстови.<br>Вежби за составување текст според даден почеток, во кој ќе се користат различни видови зависносложени реченици и независносложени реченици.<br>Вежби за пишување состав по прочитан текст со промена на крајот на текстот.<br>Вежби во пишување состав на дадена тема.<br>Вежби за правилно структурирање на состав ( воведен, главен и завршен дел) | **Стандарди за оценување на постигањата**<br><br>**Ученикот/ученичката може да:**<br>-напише дијалог на одредена тема со зборови од комуникациските целини;<br>- напише текст според даден почеток;<br>- напише состав по прочитан текст со промена на крајот на текстот; |

| 3. | **Читање со разбирање** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | Правопис-Правописни знаци: црта, цртичка, коса црта, надреден знак<br><br>Две писмени работи | Вежби за различните форми на писмено изразување (раскажување, прераскажување, опишување)<br>Вежби за интерпретација на текст и пишување коментар за прочитаните информации.<br>Вежби за пишување на информаци или водење белешки прочитани од различни медиуми.<br>**Методи:** дијахрониски метод, аудио-визуелен метод, интерактивен метод/метод на комуникација (монолошки, дијалошки и разговорен – устен и писмен); метод на демонстративност; текст- метод; метод на споредување. | - напише состав на дадена тема користејќи различни видови зависносложени реченици;<br>- раскаже настан или случка;<br>- прераскаже гледан филм, театарска претстава, спортски настан или друг вид манифестација;<br>- даде опис на другар/ка;<br>-пишува почитувајќи ги правописните правила. |

| | |
|---|---|
| **Оценување на постигањата на учениците** | Вреднувањето на резултатите е задолжително и се одвива според законските норми. Напредувањето и оценувањето на учениците се следи постојано и се врши континуирано во текот на наставата. За напредувањето учениците се известуваат тековно со цел секогаш да бидат информирани за своите постигања и да ја имаат предвид реалната состојба. Истото претставува обид да се стимулираат за понатамошно продлабочување на знаењата. Согласно спецификите на програмата по предметот македонски јазик за заедниците, оценувањето може да се реализира преку усна и писмена форма при што комуникативната компонента ќе биде особено истакната. Формите за усна проверка на знаењата се состојат од одговори на прашања, поставување (ученички) прашања и водење кратки дијалози.<br>Пишуваниот инструмент ќе претпочита вежби во совладување на читањето со разбирање, толкување на прочитаното и усвојување на граматички структури.<br>Оценувањето се врши по определена тема, во текот на тромесечјето, полугодието и крајот на годината. |
| **Литература и други извори** | Учебник одобрен од министер за образование и наука (сликовница со прирачник за наставникот за реализација на програмските активности, дел за почетно читање и пишување на печатни и ракописни букви), интерактивнатабла, Интернет (образовни софтвери, веб-страници), мобилни апликации. |

| 3. | **Читање со разбирање** |
|---|---|

| | |
|---|---|
| **Институција/<br>носител на програмата** | **Биро за развој на образованието (БРО)** |
| **Потпис и датум на донесување на наставната програма** | **бр. 12-11216/7**<br>**28.10.2019 година**<br><br>**МИНИСТЕР,**<br>**Dr. ArbërAdemi** |
| **Датум на ревизија** | |